Република Северна Македонија
**Министерство за животна средина и просторно планирање**

Republika e Maqedonisë së Veriut
**Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit Hapësinor**

СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 94/2023
Дата....24-01-2023

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

**РЕШЕНИЕ**
**за Услови за планирање на просторот**

1. Со ова Решение на **Министерство за транспорт и врски** се издаваат **Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични централи на дел од КП 955/1, КП 955/2, КП 955/3, КП 955/4, КП 970/1, КП 971, КП 972, КО Пршовце – вон град, Општина Тearце.**

Површината на планскиот опфат изнесува 2,82 ha. Планираната моќност на фотоволтаичната електрана е поголема од 1 MW.

Планскиот опфат за фотоволтаичната електрана граничи со траса за која има издадено Условите за планирање на просторот за нов 10(20) kV кабелски вод низ КО Пршовце – вон г.р. и КО Глоѓи – вон г.р., Општина Тearце, со тех. бр. Y35321 и Решение бр. УП1-15 27/2022 од 17.01.2022 год.

Предметната локација се наоѓа во граници на II заштитна зона (зона на санитарно ограничување) на изворот Рашче.

Во 2003 год., Собранието на Република Македонија го усвои Просторниот план за регионот на заштитните зони на изворот Рашче, како регионален план преку кој се спроведува, односно имплементира Просторниот план на Републиката.

Видот на планскиот документ да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

**Условите за планирање на просторот треба да претставуваат влезни параметри и насоки при планирањето на просторот и поставување на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот во соодветниот плански документ, во согласност со Просторниот план на Република Македонија и Просторниот план за регионот на заштитните зони на изворот Рашче.**

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y68322** се составен дел на Решението.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

3. Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични централи на дел од КП 955/1, КП 955/2, КП 955/3, КП 955/4, КП 970/1, КП 971, КП 972, КО Пршовце – вон град, Општина Теарце, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. Од доставените Имотни листови во предметниот плански опфат за поставување на површински соларни и фотоволтаични централи на дел од КП 955/1, КП 955/2, КП 955/3, КП 955/4, КП 970/1, КП 971, КП 972, КО Пршовце – вон град, Општина Теарце се зафаќа земјоделско земјиште – нива од III класа. Согласно основните цели и предпоставки "Меѓу приоритетните определби на Просторниот План е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиште од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето. Исто значење му се придава на пошумувањето, обновување и подобрувањето на квалитетот на шумите."

При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за поставување на површински соларни и фотоволтаични централи на дел од КП 955/1, КП 955/2, КП 955/3, КП 955/4, КП 970/1, КП 971, КП 972, КО Пршовце – вон град, Општина Теарце, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **предметната документација за поставување на површински соларни и фотоволтаични централи на дел од КП 955/1, КП 955/2, КП 955/3, КП 955/4, КП 970/1, КП 971, КП 972, КО Пршовце – вон град, Општина Теарце**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Министерство за транспорт и врски**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 48133 од 19.12.2022 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични централи на дел од КП 955/1, КП 955/2, КП 955/3, КП 955/4, КП 970/1, КП 971, КП 972, КО Пршовце – вон град, Општина Теарце. Површината на планскиот опфат изнесува 2,82 ha. Планираната моќност на фотоволтаичната електрана е поголема од 1 MW.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични централи на дел од КП 955/1, КП 955/2, КП 955/3, КП 955/4, КП 970/1, КП 971, КП 972, КО Пршовце – вон град, Општина Теарце и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 94/2023 од 17.01.2023 година.

Условите за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични централи на дел од КП 955/1, КП 955/2, КП 955/3, КП 955/4, КП 970/1, КП 971, КП 972, КО Пршовце – вон град, Општина Теарце, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на **Услови за планирање на просторот за поставување на површински соларни и фотоволтаични централи на дел од КП 955/1, КП 955/2, КП 955/3, КП 955/4, КП 970/1, КП 971, КП 972, КО Пршовце – вон град, Општина Теарце** и одлучи како во диспозитивот.

**Упаство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

**ПО ОВЛАСТУВАЊЕ НА МИНИСТЕР**
**РАКОВОДИТЕЛ НА СЕКТОР**
**Nebi Rexhepi**

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Соња Фурнаџиска



Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk